РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09-1067/5
08.05 2019 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на тринаесеттата седница одржана на ден 03 мај 2019 година донесе

**О д л у к а**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност за натамошно постапување во предметот со број 09-1067/1 од 06.03.2019 година, поради промена на фактичката состојба, односно одговорното лице на Центарот за управување со кризи, Панде Лазаревски кое извршило избор за вработување на лицето Љубенчо Janушев, не ја извршува повеќе функцијата Директор на Центарот за управување со кризи.

Предметот со број 09-1067/1 од 06.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-1067/1 од 06.03.2019 година е оформен врз основа на добиени сознанија од медиумите во Република Северна Македонија, а се однесува за утврдување постоење судир на интереси во постапка за вработување во Центарот за управување со кризи – Велес за лицето Љубенчо Јанушев, татко на Игор Јанушев, поранешен Директор на ЈСП.

По добиени сознанија, од медиумите во Република Северна Македонија, Државната комисија за спречување на корупцијата заклучи, согласно член 76 став 1 и 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по службена должност, да иницира и да поведе постапка за утврдување постоење судир на интереси за лицето Љубенчо Јанушев.

Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до Центарот за управување со кризи, со цел прибирање на документи, податоци и информации заради утврдување на фактичката состојба и испитување на наводите од медиумите за постоење на состојба на судир на интереси.

Побараните податоци од наведената институција беа уредно доставени, согласно законскиот рок.


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

На седницата одржана на ден 03 мај 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека огласот за вработувањето на лицето Љубенчо Јанушев не се совпаѓа со потребите согласно Правилникот за систематизација на Центарот за управување со кризи, односно според огласот било потребно ВСС, познавање на англиски јазик, активно знаење и работа со компјутери, 3 години работно искуство од областа на кризен менаџмент, а додека според огласот било побарано само ВСС, познавање на англиски јазик и 3 години работно искуство во струката. Лицето Љубенчо Јанушев не доставило соодветен доказ за познавање на англиски јазик и стручна терминологија како што се барало, туку Уверение од Центар за странски јазици за завршен прв степен на англиски јазик во учебната 1983/84 година и исто така не е доставена документација во однос на работниот стаж што се бара во огласот.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија утврди дека постојат индиции за влијание од страна на Игор Јанушев, поранешен Директор на ЈСП и Панде Лазаревски – тогашен директор на Центарот за управување со кризи при постапка за вработување на блиско лице. Но поради промена на фактичката состојба, односно одговорното лице на Центарот за управување со кризи, Панде Лазаревски кое извршило избор за вработување на лицето Љубенчо Јанушев, не ја извршува повеќе функцијата директор на Центарот за управување со кризи, ДКСК нема надлежност за натамошно постапување.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**